МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

# Предлог-Записник од четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 25ти Јуни 2020година

Седницата започна со работа во 13.00 часот.

Седницата на Советот се одржа по пат на средствата за електронска комуникација, преку платформата ZOOM.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот беше утврдено дека на седницата присуствуваат мнозинството членови на Советот, и тоа: Наташа Пеливанова, Димитар Оровчанец, Елена Антониевиќ, Филип Даскаловски, Александар Анѓушев, Андреј Манолев, Билјана Костова, Емилија Ризеска-Спасова, Владимир Кроневски, Лиљана Трајаноска, Владимир Станивуковиќ, Зејнел Куч, Димитар Зимбаков, Мики Филиев, Тони Јаревски, Даниела Штерјова, Сашо Лазаровски, Предраг Станковски, Томи Кепевски, Светлана Пандиловска и Горан Михајлов

Пред да отвори расправа по дневниот ред за работа на четириесеттата седница на советот на Општина Карпош, Претседателот ја симна точка 7. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства за реализирање на дел од проекот „Училиштето е место за поттик на младите за позитивни промени и унапредување на животната средина во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош", Општина Карпош, Скопје

Претседателот отвори расправа по изменетиот дневен ред за работа на четириесетата седница на советот на Општина Карпош

Бидејќи никој не се јави за збор, го стави на усвојување изменетиот дневен ред за работа на четириесетата седница.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДЖАНИ нема е усвоен Дневниот ред за работа на четириесетата седница на Советот на Општина Карпош.

Веднаш потоа, Претседателот на разгледување го стави Записникот од триесет и деветата седница.

Отвори расправа по Записникот

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДЖАНИ нема е усвоен Записникот од триесет и деветата седница на Советот на Општина Карпош.

**ТОЧКА 1 – Предлог-Заклучок за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Заклучокот за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош и истиот го стави на гласање.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоен Заклучокот за поништување на Заклучокот за усвојување информација за ограничување на правото на исплата на паричните надоместоци-паушали на претседателот на советот и членовите на Советот на Општина Карпош.

**ТОЧКА 2 Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година**

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави советничката Даниела Штерјова. Таа постави прашање зошто се менува ставката од централно греење во ставка одржување на згради во износ од 800.000,00 денари и какви зафати ќе се реализираат.

Раководителката на Секторот за финансии Мирјана Ѓорѓиевска и одговори на прашањето дека нема информација дали и што ќе се гради за 15.000 евра и дека за таа цел ќе побара писмено образложение од директорката на училиштето.

Бидејќи никој друг не побара збор, Претседателот го затвори претресот по Предлог-Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година и истото го стави на гласање.

Констатирано беше дека со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 1 ВОЗДРЖАН е усвоена Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

**ТОЧКА 3 Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција и истата ја стави на гласање.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Општина Аеродром за вршење работи од областа на градежната инспекција

**ТОЧКА 4 Предлог-Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Општина Карпош, Скопје**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Општина Карпош, Скопје и истата ја стави на гласање.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоена Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од Општина Карпош на ЈУОДГ „Распеана Младост“, Општина Карпош, Скопје

**ТОЧКА 5 Предлог-Одлука за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави советникот Зејнел Куч кој постави прашање во кој клон од градинката Пролет се инсталирани овие пумпи.

На прашањето му одговори Раководителот на Одделението за енергетска ефикасност Љупчо Димов, дека системот е исинталиран во градинката Пролет во населбата Влае.

Бидејќи никој друг не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Одлуката за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија и истата ја стави на гласање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоена Одлуката за прифаќање движни ствари – Даикин пумпи на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија

**ТОЧКА 6 Предлог-Одлука за прифаќање движни ствари – столарија (прозорци и врати) на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Одлуката за прифаќање движни ствари – столарија (прозорци и врати) на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија и истата ја стави на гласање

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоена Одлуката за прифаќање движни ствари – столарија (прозорци и врати) на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија

**ТОЧКА 7 Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градимка ПИКОЛИНИ Скопје (пречистен текст) врз основа на изменување и дополнување на Статутот, бр.03-87/4 од 27.05.2020 година**

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градимка ПИКОЛИНИ Скопје (пречистен текст) врз основа на изменување и дополнување на Статутот, бр.03-87/4 од 27.05.2020 година и истото го стави на гласање.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоено Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за деца-детска градимка ПИКОЛИНИ Скопје (пречистен текст) врз основа на изменување и дополнување на Статутот, бр.03-87/4 од 27.05.2020 година

**ТОЧКА 8 Предлог-Решение за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје (пречистен текст), бр.0306-43/3 од 02.10.2019 година.**

Претседателот отвори расправа

Бидејќи никој не побара збор, го затвори претресот по Предлог-Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје (пречистен текст), бр.0306-43/3 од 02.10.2019 година и истото го стави на гласање.

Констатирано беше дека со 22 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема е усвоено Решението за давање согласност на Статутот на приватната установа за социјална заштита на стари лица ВЕРА Скопје (пречистен текст), бр.0306-43/3 од 02.10.2019 година.

По исцрпување на дневниот ред, четириесетата седница заврши со работа во 13.25 часот

По затварањето на седницата, задоцнето, поради технички проблем, за збор се јави членот на Советот Светлана Пандиловска и побара од Советот и од Градоначалникот на Општина Карпош да се превземат дополнителни мерки за дезинфекција на јавните површини околу здравствените објекти од територијата на Општина Карпош.

За збор се јави Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, го подржа предлогот на Пандиловска и заклучи, а Советот го прифати следното:

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

---

Со оглед на тоа што на територијата на Општина Карпош се наоѓаат повеќе здравствени институции одговорни за дијагностицирање и лекување на пациенти заболени од вирусот Ковид 19, а со цел превенција и заштита на населението од понатамошно ширење на вирусот, Советот на Општина Карпош да достави барање до Комисијата за заразни болести на Република Северна Македонија со цел да се превземат дополнителни мерки со почеста дезинфекција на јавните површини од вообичаената динамика, на следните локации:

- Градската општа болница „8ми Септември“ ,
- Клинична болница Жан Митрев
- Поликлиника Букурешт
- Парковите и паркинг просторите на улиците Драгиша Мишовиќ, Труфун Пановски и Карпошево востание (блок 1, У.З.Карпош 3), локации кои се во непосредна близина на наведените здравствени објекти, поради што истите ги користат пациенти и посетители на наведените здравствени објекти.

Записничари: Ивана Ордевска, Ивана Стефановска Крстевска

Број: 09-3666/3 година
Дата: 25.06.2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
Андреј Манолев

---